Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 точка 11 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на општина Василево“ бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот па Општина Василево на својата седница одржана на 26.11.2014 година ја донесе следната :

# П Р О Г Р А М А

за изградба, реконструкција, одржување и заштита
на локалните патишта и улици за 2015 година

Појдовна основа при изготвувањето на оваа Програма е тоа дека за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2014 година потребните финансиски средства ќе се обезбедат од:

- Агенцијата за државни патишта треба да планираме средства во износ од 2.300.000 денари.
- Агенцијата за финансиска подршка и рурален развој (АФПРЗ) средства од 12.500.000 денари
- Министерство за Финансии на РМ средства ви износ од 2.400.000 денари
- Буџет на општина Василево средства од регистрацијата на моторни возила износ од 350.000 денари.
- Буџет на општина Василево средства од концесии за експлоатација на минерални суровини 400.000 денари.
- Дел од средствата за уредување на градежно земјиште 2.000.000 денари, и
- Приходи од надоместокот за стекнување на права за користење на градежно земјиште 5.200.000 денари.

Вкупно потребни средства за оваа Програма се 25.150.000 денари.

Предлагам во Програмата за оваа година приоритет да дадеме на следните активности:

1. Локални патишта
- Изградба на локален пат Василево - Градошорци во должина од 650 метри 3.000.000 денари.

Вкупно за локални патишта: 3.000.000 денари

2.. Изградба на улици

-Улица во Дукатино 460 метри -- 4.500.000 денари (обезбедени средства од АФПРЗ во износ од 3.800.000 денари) и 700.000 денари од буџет на општина Василево.
-Улица во Ангелци 250 метри - 750.000 денари
-Улица во Сушево 300 метри - 800.000 денари
-Улица во Владевци 300 метри - 800.000 денари
-Улица во Радичево 300 метри - 800.000 денари
-Улица во Василево 600 метри - 1.850.000 денари
-Улица во Доброшинци 150 метри - 450.000 денари
-Улица во Едрениково 100 метри - 250.000 денари
-Улица во Висока Маaал 200 метри -500.000 денари
Вкупно за улици: 10.700.000 денари

3. Изградба на потпорен зид на локален пат Едрениково Требичино ----550.000 денари.

4. Изградба на мост на улица во населено место Нова Маала --- 1.500.000 денари, (обезбедени средства од АФПРЗ во износ од 1.200.000 денари) и 300.000 денари од буџет на општина Василево.

Вкупно за мост и потпорен зид: 2.050.000 денари

5. Одржување на локални патишта и улици во зимски услови 400.000 денари.

Вкупно за одржување: 400.000 денари

6. Изградба на локални патишта и улици во општина Василево кои се финансираат од извори на средства кои не влегуваат во буџетот на општина Василево за кои директно се распишува тендер од донаторот на средства.

- Изградба на дел од локален пат Нова Маала – Чанаклија во должина од 1000 метри, 9.000.000 денари средства кои ќе се обезбедат од Агенцијата за државни патишта и од АФПРЗ.

Динамиката на реализацијата на Програмата ќе биде во зависност од приливот на средства од Агенцијата за државни патишта, од приливот на средства од промет на недвижности и надомест за стекнување на права за користење на градежно земјиште, како и во зависност и динамиката на прибирањето на финансиските средства од надоместкот за уредување на градежно земјиште во општина Василево.

Бр.07-2332/1<br>
27.11.2014г.<br>
Василево

Совет на општина Василево<br>
Претседател,<br>
Илчо Колев с.р.